Врз основа на член 36,став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 13.11.2020 година, донесе

# П р о г р а м а
## за изградба на фекална и атмосферска канализација на подрачјето на Општина Кочани за 2021 година

I

Општина Кочани во изминатите години има продадено повеќе градежни парцели за индивидуално домување, индустриски и преработувачки капацитети и викенд куќи.
Има и голем број на парцели во приватна сопственост чии сопственици пројавуват интерес за отпочнување на градба на објекти за индивидуално домување, поради тоа Општината ќе преземе активности во 2021 година, за изградба на дел од фекалната и атмосферската канализација во градот и населените места.

Во централно градско подрачје спроти Поштата постоечката канализациона мрежа на овој локалитет е стара и не ги задоволува потребите се предвидува изградба на нова канализациона мрежа и изградба на атмосферска канализација, дел од оваа мрежа е изградена во претходните години.
На улицата „Вера Которка“ имаме плацови за продажба па има потреба од изградба на фекална и Атмосферска канализација.Исто така на ул.„Гошо Викентиев“ и „Раде Кратовче“ се предвидува изградба на атмосферска канализација бидејки тоа е услов од Светска банка за да ги добиеме средствата за реконструкција на истите.

1. Потребни средства за изградба фекалната и атмосферска канализација во централното градско подрачје, ул.„Гошо Викентиев“, „Раде Кратовче“ и ул. „Вера Которка“. нас.Усова Чешма и други локации во градот и населените места во општина Кочани изнесуват 3.000 000ден
2. Подготвување на проектна документација 200.000ден.
3. Експропријација 200.000ден.

Предвидени средства за реализација на оваа Програма изнесуват 3.400.000 денари.

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 2417/1
13.11 .2020 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски